Наставни содржини по предметот македонски јазик за 9. одделение
за период од 30.03.2020 до 03.04.2020 година
Наставник: Дијана Пачешкоска Ѓорѓиева

| Дата | Наставна содржина | Страница во учебникот |
|---|---|---|
| 30.03.2020 | Односни зависносложени реченици<br>-нова наставна содржина од подрачјето јазик<br><br>*Домашна задача во однос на оваа наставна содржина:<br>- Во тетратките за домашна работа да се обработат задачите дадени на страница 38 од учебникот. | 37 - 38 |
| 31.03.2020 | Композиција на драмски текст<br>-нова наставна содржина од подрачјето литература<br>Анализа на извадокот од драмата „Бегалка“ – Васил Иљоски<br><br>-Елементи на драмата како литературен род – повторување<br>-Конфликтот во драмата<br>-Етапи на драмското дејство<br><br>*Домашна задача во однос на оваа наставна содржина:<br>Откако ќе го прочитате извадокот од драмата „Бегалка“, во тетратките за домашна работа:<br>-утврдете го конфликтот и етапите на драмското дејство<br>-направете анализа на еден од ликовите-по ваш избор<br><br>**Доколку сте во можност, а веќе ја имате прочитано целата драма “Бегалка“, можете да ја изгледате и театарската претстава со ист наслов или како „Ленче кумановче“, а како подготовка за работа на следниот елемент карактеристичен за овој литературен род | 93-97 |
| 01.04.2020 | Начински зависносложени реченици<br>-нова наставна содржина од подрачјето јазик<br><br>*Домашна задача во однос на оваа наставна содржина:<br>- Во тетратките за домашна работа да се обработат првата и третата задача дадени на страница 40 од учебникот. | 39-40 |
| 02.04.2020 | Двојна природа на драмскиот текст<br>-нова наставна содржина од подрачјето литература<br>Анализа на извадокот од драмата „Македонска крвава свадба“ – Војдан Чернодрински<br><br>Читање на дрмаски текст / сценска изведба на драмски текст | 98-100 |

| | | |
|---|---|---|
| | -при читањето, читателот е тој што го гради амбиентот, изгледот и карактерот на ликот, а преку информациите и податоците добиени од самиот драмски текст;<br>-при сценската изведба, актерите се тие што ги изнесуваат ликовите, со сите нивни особености, и тоа на сценски наместен простор, со употреба на разни ефекти (доколку дозволува/бара драмскиот текст)<br><br>*Домашна задача во однос на оваа наставна содржина:<br>Откако ќе го прочитате извадокот од драмата „ Македонска крвава свадба“, во тетратките за домашна работа:<br>-направете анализа на ликот на Цвета<br><br>**Доколку сте во можност, прочитајте ја драмата “Македонска крвава свадба“ или можете да ја изгледате и театарската претстава со ист наслов, како би можеле да направите подобра анализа на ликот на Цвета. | |

**Во однос на наставните содржии, секое одделение, од својот одговорен наставик, ќе добие појаснувања, насоки за содржината која е предмет на изучување.

Седи дома, но не седи за џабе – учи ☺